ОХРИД SOS

**До:**

**Општина Охрид**

**Предмет: Коментари кон Извештај за Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина на Урбанистички план вон населено место Горица Север**

**Подносител: Граѓанска иницијатива Охрид SOS**

**Контакт:** ohridsos@gmail.com

**Датум: 18 септември 2021 г.**

Во прилог поднесуваме коментари кон Извештај за СОЖС за УПВНМ Горица Север и бараме да се одговори на секоја од точките, без оглед дали се работи за прашања во надлежност на Општина Охрид или на изработувачот на Извештајот за СОЖС.

По кој знае кој пат, гледаме уште еден документ кој е далеку од стручна, објективна и професионална проценка на влијанието на потенцијален урбанистички зафат врз животната средина. Во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија (РММ) од 2020 г. стои дека „тенденцијата и целите на Планот за управување треба да имаат приоритет пред другите планови за доброто.“ Сепак, изработувачот на СОЖС не успал да утврди дека предвидениот УПВНМ Горица Север е некомпатибилен со Планот за управување и претставува продолжување на праксата на креирање штетни урбанистички планови, кои УНЕСКО регионот го водат до „точка од која нема враќање“. Давањето позитивно мислење за целосна урбанизација на Горица Север укажува на сериозно непознавање на проблематиката на светското наследство и исклучителните вредности на подрачјето бидејќи води кон делување спротивно на препораките на Реактивната мониторинг мисија (2020) и Одлуката 44 COM 7B.77 од Комитетот за светско наследство (2021).

Поради тоа, а **во насока на заштита и зачувување на вредностите на светското наследство на Охридскиот Регион, очекуваме нашите забелешки да бидат сериозно земени во вид и целосно имплементирани.**

1. **По кој основ Општина Охрид организира јавна расправа** за СОЖС за Урбанистички план вон населено место Горица Север, **кога за него нема добиено мислење од Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион?**

   Тоа е **во спротивност со член 17 став (1) од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион**, каде стои: „Градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца се должни урбанистичките планови или измена на постојните урбанистички планови да ги доставаат на мислење до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, како и до Комисија од членот 10 на овој закон пред да започнат со спроведување на јавна расправа по истите.“

СОЖС не може да се смета за веродостојна доколку се работела за нацрт-проект кој подоцна бидува изменет. Сѐ додека не се добијат мислења од релевантните институциите и планскиот документ не биде усогласен со Планот за управување, **СОЖС не може да се смета за веродостојна.**

2. УПВНМ Горица Север се носи согласно **Просторниот план на Охридско – Преспанскиот Регион** кој веќе не е во важност. Згора на тоа, тој просторен план **не е усогласен со Планот за управување со Охридскиот Регион 2020 – 2029, каде стои** „Постојниот Просторен план за Охридско-преспанскиот Регион **не ги опфаќа доволно аспектите на природното и културното наследство во Охридскиот Регион**." Следствено, **просторниот план не може да се земе како планска основа и мораториум на урбанизацијата да биде воспоставен сѐ додека не се донесе нов просторен план.** Имено, во последниот извештај на Реактивната мониторинг мисија (2020), се констатира дека фактот што просторните планови се истечени создава „идеална ситуација **да се преобрати постоечкиот тренд на прекумерна експлоатација на територијата на доброто во крајбрежјето**". Така што постапување во согласност со несоодветен плански документ **би било во спротивност со препораките 6 и 7 од извештајот на РММ 2017 и 4.а од РММ 2020,** а на чиешто исполнување, Општина Охрид - како еден од имателите на УНЕСКО подрачјето - е обврзана.

3. Во СОЖС стои дека предмет на планот е урбанизација на планскиот опфат со <u>„крајна цел - реализација на поставките на ГУП на градот".</u>

   3.1 По кој основ, урбанистички план вон населено место - значи надвор од ГУП – треба да реалзиира цели на ГУП?
   3.2 Згора на тоа, важноста на ГУП-от за Општина Охрид 2002 – 2012 г. е измината;
   3.3 Најважно, ГУП-от е идентифукуван како штетен по ИУВ на УНЕСКО регионот. Во тој контекст, <u>дали изработувачот на СОЖС е запознаен со препораките од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија (2020)</u> во кои се бара:

   **(4.a)** „**<u>Утврдување на негативните влијанија врз ИУВ од имплементацијата на ГУП-овите за Охрид, Струга и Дебрца кои се истечени</u>**, како и на сите други просторни или урбанистички планови кои се однесуваат на доброто или на дел од него", понатака

   **(4.c)** „**Да се ревидираат/ажурираат ГУП-овите за општините** во Северна Македонија и нацрт-ГЛП-от на Поградец со тоа што **ќе се усогласат со целите за зачувување на ИУВ и атрибутите на подрачјето;** да се одобрат и имплементираат" и тоа со:

   **(4.c/ii)** „**Да се зачуваат ретките рурални средини долж езерскиот брег кои придонесуваат за вреднување на ИУВ** на подрачјето и соодветно на тоа, **да се усогласат целите и условите на (урбаното) планирање**."

   И како без ревизија на штетен ГУП се проценува дека новите урбанистички планови кои се изработуваат во согласност со него, нема да имаат негативно влијание?

4. <u>**Зошто Општина Охрид постапува спротивно на Законот за животна средина, подзаконските акти и Архуската конвенција** со тоа што самиот УБВНМ (урбанистички план во населено место) не е достапен за јавноста?</u>

Напоменуваме дека синтезниот план кој беше во СОЖС е апсолутно нечитлив и никако не може да се смета дека на тој начин бил достапен за јавноста.



*Слика 1. Извадок од Синтезен план на УПВНМ Горица Север од Извештајот за СОЖС (август, 2021)*

Самиот план требаше да биде објавен поединечно, во дигитална форма, заедно со документот на СОЖС и во доволно јасна резолуција што би го направила читлив. Со оглед на околностите во државата, не секој може или сака да се движи во јавни места за да добие увид во планската документација. Живееме во дигитална ера, а таму треба да биде и Општина Охрид. Охрид SOS на 10.09.2021 г. испрати барање до Општина Охрид за синтезен план за Горица Север, но не доби одговор.

**Урбанистичкиот план кој е предмет на Нацрт-извештајот за СОЖС, не е објавен со отпочнувањето на процесот на јавна консултација.** Во самата СОЖС на стр. 12 стои дека напоредно со објавувањето на Извештајот за СОЖС се објавува и нацрт-планот по кој СОЖС се изработува.
Со тоа, **јавноста се оневозможува да изгради мислење и да учествува суштински во овој процес.** **Тоа е во спротивност со** Член 69 став (1) од Законот за животна средина; член 2 став (2), член 3 став (2) и член 6 став (1) од Уредбата за учество на јавноста текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина; член 5 став (8) и член 7 од Архуската Конвенција.
**Напоменуваме** дека постапката за оцена на влијанието врз животната средина и врз здравјето на луѓето се спроведува согласно Законот за животна средина и сите обврски кои произлегуваат во врска со постапката, мора да го почитуваат соодветниот закон.

5. **Урбанистичкиот план вон населено место Горица Север се коси со Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион и одлуките на влада:**

**А. Според одлуката од 26. Седница на владата од 07.12.2020 г.** Општина Охрид беше задолжена да изврши усогласување на сите урбанистички планови со Планот за управување. Тоа подразбира дека Општина Охрид (како и општните Струга и Дебрца), откако е донесен Планот за управување со Охридскиот Регион (февруари 2020 г.) **не смее да донесе нов урбанистички план кој не е во согласност со мерките за заштита на Планот за управување со Охридскиот Регион 2020-2029.**

**Б. Согласно член 2, став (2)** од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридски Регион: „**Управувањето со светското природно и културно наследство е од јавен**

**интерес,** што се врши во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон“, така што **со носење урбанистички план со кој се зголемува притисокот врз подрачјето** на светското наследство кое е *дефакто* загрозено, **се загрозува јавниот интерес**.

**В. Согласно член 16 од** Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридски Регион: **„Планот го спроведуваат** Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, **градоначалникот на општината Охрид,** градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца, имателите на природно и културно наследство и други субјекти**, секој во рамките на своите надлежности и овластувања и согласно со активностите утврдени во планот.“**

**Зошто Општина Охрид постапува спротивно на Планот за управување и законот?**
Имено одобрувањето на УПВНМ Горица север ќе значи дека **ќе продолжи издавањето одобренија за градба кои не се во согласност со Планот за управување, на чиешто спроведување Општината е со закон обврзана.**

Во извештајот на РММ од 2020 г. стои дека „Евидентно е дека Регионот е многу ранлив поради значителни проблеми во управувањето и лошата примена на законските нормативи. Ова доведе до несоодветни интервенции, **негативни ефекти од планирањето на градот и голема низа на проекти кои резултираа со сериозно влошување на неговите урбани, рурални и природни предели и клучните атрибути на неговиот ИУВ.“**
Со тоа што **продолжува да спроведува проекти** кои се носат врз основа на документи кои се надвор од важност и не се усогласени со Планот за управување, односно се **во согласност со неодржливи практики на управување кои доведоа до рапидна деградација на автентичноста и интегритетот на Охридскиот Регион, како Општина Охрид очекува да постигне поинакви резултати од досегашните?**

6. Колку вкупно објекти се предвидени со УПВНМ Горица Север, со која намена, вкупен габарит, која катност, од која категорија на објекти се работи?
   Колку од објектите ќе бидат за сместување и колкав ќе биде нивниот сместувачки капацитет? (Да се одговори на сите прашања детално, со квантитативен табеларен преглед)

7. Овој урбанистички план е работен согласно иницијатива од 2017 г., односно пред донесување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион 2020 - 2029 (јануари 2020), следствено тој **не е усогласен со планот и негово донесување ќе значи постапување спротивно на одлуките на Комитетот за светско наследство и реактивните мониторинг мисии и директно загрозување на УНЕСКО статусот на Охридскиот Регион -** ***дефакто*** **светско наследство во опасност.**

   **Укажуваме** на тоа дека овој УПВНМ **се коси со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион 2020 – 2029** и тоа:

- УПВНМ за Горица Север не е изработен имајќи ја во вид Исклучителната универзална вредност на УНЕСКО подрачјето;
- зафаќа неурбанизирано земјиште што е во спротивност со мерките за заштита во Планот

каде изричито се нагласува да не се зафаќа неурбанизирано земјиште, а овој опфат е надвор од ГУП. Планот за Охридскиот Регион дозволува до 20% дополнителна урбанизација на постоечки населени места, што не е случај со Горица север бидејќи не е дел од населено место;

- ја занемарува зоната на рипариските живеалишта, зона II-а, која предвидува забрана за урбанизацијата во близина на речните корита;
- Во СОЖС стои дека „Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат не се наоѓа во опфат на заштитните зони на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планот." што е **неточно**. Имено, Горица Север спаѓа во Зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) (види поглавје 9.2.2.3.), каде важат зададени мерки за заштита, и каде, меѓу другото, **се забранети „активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност".**

  **Веднаш потоа во СОЖС стои дека што е противречно со погоре наведеното и неточно.** „Процентот на изграденост на локацијата во урбанистичките планови...изнесува: времено домување - 50% ... и истото е во согласност со одредбите од План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029." **За наведената зона, процентот на изграденост е утврден на 40%, а не 50%.**
- Во Планот за управување, во однос на мерките на заштита надвор ор урбаните средини, **не се дозволува:**
  - ✓ формирање нови населби на неизграден простор (простор кој ја опфаќа заштитната зона II-б во делот за природно наследство);
  - ✓ зафаќање на крајбрежниот појас од Охридското Езеро;
  - ✓ користење на квалитетно земјоделско земјиште со негова пренамена во градежно земјиште за градење со пренамена;
- Со Планот за управување треба да се обезбеди „трајно зачувување на природните и на културните вредности и ќе спречат значајни промени на тие вредности преку следните активности:
  - ✓ штитење на значајните визури од градење на големи градби;
  - ✓ зачувување на природниот амбиент и спречување пренамена и заземање на овие простори за градежни активности кои би го нарушиле крајбрежниот пејзаж;

Целосна урбанизација на област која сега е неурбанизирана, и тоа, неговиот најголем дел од севкупната површина од 17,046 ха, со катност на 4-нивоа и само 6% зеленило (далеку под минимумот утврден со закон), само по себе е градење од големи размери што силно ќе влијае на нарушување на природниот пејзаж како клучна компонена на Исклучителната универзална вредност.

8. Имајќи во вид дека предметниот урбанистички план се наоѓа во границите на Рамсар подрачјето Охридско Езеро, **зошто изработувачот на СОЖС, не ја разгледува неговата реализација во контекст на Рамсарската Конвенција?** (Таа не е ни спомната во поглавје 12.4.)

Уште повеќе со оглед на фактот што области со висока биолошка вредност, како што се остатоците од Калишко Блато се иземени од предлог-границите на Рамсар подрачјето, дали тоа не значи дека, со оглед на тоа што тоа не е сторено само за многу мал компнен дел, а тоа е пределот Студенчишта, дека всушност вредноста на Горица Север, всушност е многу поголема од онаа што СОЖС ја проценува? Како е дојдено до проценка дека водно живеалиште од меѓународна важност нема посебна биолошка вредност?

9. Да се образложи, **како урбанизацијата на Горица Север е во хармонија со концептот на Рамсарската конвенција за паметно користење на водните екосистеми**?

10. Во мај оваа година, Охридско Езеро и Студенчишко Блато беа прогласени за Рамсар локалитет. Предметниот опфат се наоѓа **во границите на Рамсарскиот локалитет, каде не смее да се дозволи градба од било каков карактер**, трајна ниту привремена. Бидејќи Рамсар границите се до магистралниот пат Охрид - Св. Наум, на овој потег заштитниот појас треба да биде на 50 м не од КП 1.1 Охридско Езеро туку од границите на Рамсарското подрачје. Оваа измена треба да се направи согласно укажувањето во Планот за управување (стр. 113) за ревизија на крајбрежната зона по прогласувањето на Студенчишко Блато за заштитено подрачје. Истиот принцип треба да се следи и во однос на ревизија на крајбрежјето согласно границите на рамсарското подрачје на потегот Мазија – Горица т.е. **границите на крајбрежјето да се поклопуваат со границите на Рамсар подрачјето.**

    Во мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина**, потребно е да се понуди соодветна ревизија, а во насока на алтернативи кои ќе го унапредат, а не бетонизираат подрачјето** (види точка 20).

11. **Зошто во СОЖС не се анализара влијанието на проектот врз Исклучителната универзална вредност?**

    Тоа е спротивно на Конвенцијата за светско наследство, конкретно Параграф 118 bis. од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата налага државите-членки на Конвенцијата, меѓу другото, **да обезбедат дека СОЖС за планови во или околу светското наследство ќе ги идентификуваат позитивните и негативните влијанија врз ИУВ.** Понатаму, изработувачот на СОЖС не ги следи ни советите на ИУЦН за ирзаботка на проценка на влијанијата во пределите на светско наследство, според кој секој Извештај за СОЖС треба да ги почитува 8-те приниципи за процена на влијание врз светско наследство. Според приниципот 6, **извештајот мора да содржи посебно поглавје со проценка на влијанието на планот врз ИУВ, кое обврзно треба да добие и мислење од ИУЦН**, што, пак, е обврска која произлегува од Конвенцијата – Параграф 172 од Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата.

12. **Дали изработувачот на СОЖС е запознаен со извештајот на Реактивната мониторинг мисија на Центарот за светско наследство, ИУЦН, ИКОМОС од 2020 г. и барањата** кои таму се наведени? Зошто во проценката на влијанието воопшто **не се земени во вид препораките на РММ кои согласно одлуката (44 COM.7B.77) од 44. Седница на Комитетот за светско наследство**, државата е задолжена да ги спроведе како услов за задржување на статусот на УНЕСКО?

**Како изработувачот на СОЖС ги зема во вид влијанијата врз** „пределите и нивните пејзажни вредности, природното и културното наследство“ - како што тврди - **кога воопшто не ги зема во вид препораките на Реактивните мониторинг мисии (2017, 2020) и одлуките на УНЕСКО?**

За потсетување, деградацијата на крајбрежниот предел јужно од Охрид се опишува во Извештајот на РММ од 2017, каде се зборува за **градби со низок квалитет кои негативно влијаат на крајбрежниот пејзаж** и се вели „**овој дел од крајбрежјето веќе не изгледа природен,** туку источкан со мали и големи градби (особено хотелот Парк), има амбиент кој во голема мера потсеќа на продолжено предградие, а не на природен брег.“ Со одобрувањето на УПВНМ Горица Север, **дополнително се придонесува кон ваквата деградација**.

13. Во СОЖС воопшто **не се разгледува опасноста од зголемен притисок врз брегот во непосредна близина на Горица Север** кој е сега со висока крајбрежна функционалност, реткост на целиот источен брег на Охридско Езеро, а неговото зачувување е од исклучителна важност за екосистемот на Езерото**.**

14. Во СОЖС се тврди дека во границите на планскиот опфат Горица Север „не се идентификувани ендемични или загрозени растителни и животински видови, како и значајни живеалишта“. Тоа **не може да се смета за точно.** Имено, **Националната Црвената листа за Македонија и други стручни документи** како Sterijovski *et al.* (2014) и Спировска *et al.* (2020), упатуваат на можно постоење на барем пет видови и тоа: : *Algyroides nigropunctatus* (EN); *Hierophis gemonensis*[1] (EN); *Lutra lutra* (VU); *Salvinia natans* (VU); and *Testudo hermanni* (VU).

Во најблиската точка на Горица Север, на помалку од 1 км раздалечина и слична надморска висина, Кrpac *et al.* (2011) забележува присуство на еден вид, *Euchloe penia*, кој е **утврдено дека е ранлив** на времената Црвена листа на пеперутки на Македонија.

Во ***Annotated Lists of Birds of National Park Galichica***[2], Васиќ забележува **присуство на еден загрозен вид на европско и светско ниво** *Aythya ferina* (VU); и **еден загрозен вид само на европско ниво** *Aythya marila* (VU Europe) во Горица. Треба да се напомене и тоа дека International Waterbird Counts за Охридскиот Регион го има потврдено присуството на *Aythya ferina* во Горица, кој вид, **според Светската Црвена листа на ИУЦН е во опасност** поради негативно влијание на водни рекреативни активности и вознемирување како резултат на урбанизацијата.

Од **Листата на Строго заштитени видови (SP) и Заштитени видови (P) на Македонија**, а, според гореспоменатите извори, **следните видови се забележани токму во Горица или во непосредна близина** и тоа: *Aythya ferina* (P); *Aythya fuligula* (P); *Cygnus olor* (SP); *Fulica atra* (P); *Netta rufina* (SP); *Parnassius Apollo* (SP); *Phalacrocorax pygmeus* (SP); *Podiceps cristatus* (SP); *Tachybaptus ruficollis* (SP); *Larus ridibundus* (SP); и *Lutra lutra* (SP).

---

[1] *Овие видови можат да се најдат во рамсарското досие (Ramsar Information Sheet), а копнените граници на Рамсар подрачјето се наоѓаат токму на северо-исток од Охридско Езеро.*

[2] *Оваа листа содржи и птици кои се најдени на локации надвор од границите на НП Галичица.*

Неколку од именуваните видови исто така можат да се најдат во **рамсарското досие за Охридско Езеро**, а веќе укажавме на тоа дека токму пределот на Студенчишта – Горица е најголемиот копнен предел во гранциите на Рамсар подрачјето.

Поради тоа, ги бараме следните информации:

14.1 Каква анализа на видови е направена за потребите на СОЖС за УПВНМ Горица Север?

14.2 Кои извори на информации биле консултирани на таа тема? (да се наведат таксативно)

14.3 Каква анализа на фрагментирани блатни живеалишта надвор од границите на Студенчишко Блато е направена? (познато е дека надвор Студенчишко Блато, во пределот на Горица се среќаваат фрагменти на блатни живеалишта)

14.4 Во текот на кој временски период е таа направена?

14.5 Кој радиусот е земен како параметар за утврдување на влијанието во текот на градежната и оперативната фаза, вклучително и за фактори како бучава и светлина?

15. Се чини дека изработувачот на СОЖС го **превидел фактот што оскуданата состојба на колекторскиот систем претставува еден од најголемите закани по екосистемот на Охридско Езеро и не ги проценил можните негативни влијанија.**

15.1 Колку ќе се зголеми оптеретување на колекторскиот систем со реализацијата на УПВНМ Горица Север?

15.2 Дали изработувачот на СОЖС знае <u>на колку, кои места помеѓу Горица Север и пречистителната станица Враништа, се случува излевање од колекторот во Охридско Езеро и колку често?</u> Да се наведе конкретно.

Напоменуваме дека последните информации во врска со колекторскиот систем се дека финансиите за реконструкција не се обезбедени. Еевентуалните средства преку ИПА фондовите би можеле да пристигнат во 2022 или 2023, но според планот на Колекторски систем – Скопје, ти е средства би оделе за капитални инвестиции и тоа: изградба на колекторски систем од Радожда до Калишта и за пречистителната станица во Враништа, што значи не за репарација на постоечкиот систем на потегот Горица Север – Враништа.

16. Дали изработувачот на СОЖС за УПВНМ Горица Север е запознаен со фактот дека **уникатниот биодиверзитет и ендемските видови на Охридскиот Регион се под сериозна закана** и како што стои во извештајот на Реактивната мониторинг мисија (2020) „**Ова се очекува да се влоши со сегашниот тренд на зголемување на бројот на туристи и развојот на туристичката инфраструктура по должината на езерото.“**

**Зошто изработувачот на СОЖС**, сосема го занемарил овој тренд кој води кон постепена, но континуирана и забрзубачка деградација и **не успева да ја утврдува корелацијата помеѓу УБВНМ Горица Север како носител на поголема урбанизација и антропогениот притисок од урбанизацијата како утврден и иден ризик за опстанокот на светското наследство на Охридскиот Регион?**

17. **Во СОЖС да се приложи економска анализа со која изработувачот дошол до заклучок дека реализаицјата на овој УПВНМ ќе има позитивни економски ефекти.** Да се наведе конкретно, која база на податоци е користена, која методологија и кои се проекциите? Презентирајте ги резултатите од тие анализи во квантитативни податоци? На пр. проекции за број на посетители, број на вработени според категории, приходи итн.
    Бараме истата да се достави и како одговор на овие коментари.

18. **Заклучоците од СОЖС не може да се сметаат за точни** доколку анализата не ги опфати **екосистемските услуги односно трошокот од нивна загуба со урбанизација на земјиштето.** Бараме таквата анализа **да се додаде при проценката на економските резултати** од реализацијата на УПВНМ Горица Север.

19. **Анализата на СОЖС не може да се смета за стучна и веродостојна на реалноста, доколку податоците не се ажурираат со најновите достапни.** Во неа стои дека анализата е направена врз основа на „релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина во општина Охрид, од аспект на географска и демографска состојба, здравје на населението, климатски карактеристики и квалитет на воздухот, состојба со климатските промени, состојба со бучавата, водите (хидрологија, квалитет на водите), почвата и состојбите со почвата, биолошка разновидност, природно наследство" итн. Не само што се користат застарени податоци, згора на тоа, за некои параметри на просек, не се наведени ни годините.
    Бараме да се обезбедат најновите податоци и проценката да се повтори.

20. Во глава 6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива, **зошто воопшто не е разгледана можноста за присоединување на Горица Север кон идното заштитено подрачје Студенчишко Блато, односно, проширување на блатната област Студенчишта**, со оглед на тоа што Горица Север е дел од поранешниот мочуришно подрачје **и не е направена пресметка на екосистемските услуги** од идното рехабилитирано блатно подрачје?

21. Проценката во СОЖС за УПВНМ Горица Север, дека овој урбанистички план нема да влијае на околното земјиште **е во спротивност со утврдената состојба и заканите во Студијата во валоризацијата за Студенчишко Блато (2020).**

    Имено, Горица Север се граничи со утврдените граници на идното заштитено подрачје Студенчишко Блато и претставува составен дел од негогаш многу поголемата.
    Во *Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (2020)* стои „Предложените граници на подрачјето се дизајнирани водејќи се од Генералниот урбанистички план на Општина Охрид во кој веќе е назначен просторот за заштита. Во овие граници се наоѓаат највиталните делови (остатоци) од Студенчишкото Блато. **Сепак, некои делови (Горица I) остануваат надвор од предложеното подрачје за заштита** бидејќи е невозможно да се стават во еден географски интегрален простор за заштита. **Ваквите делови веќе се силно деградирани и таму е неопходно да се преземат итни мерки за заштита и ревитализација."**

**Како тоа би се постигнало со урбанизација на Горица Север?**

22. Во *Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (2020)*, поглавје 3.5 Закани со кои се соочува подрачјето (3.5.14 Плански поставки) стои: **„Развојот на туристичката локација на хотелот „Парк", исто така, директно го тангира Блатото** (пренамена на земјиштето, визуелни влијанија, неповолни ефекти на електричното осветлување, потенцијална опасност од постојана потреба за проширување и освојување на нови простори, бучава создавана на плажите и во крајбрежниот простор)."

Штом е утврдено дека урбанизацијата на хотел Парк, кој е на поголема оддалеченост од Студенчишко Блато има негативно влијание врз истото:

22.1 **Како изработувачот на оваа СОЖС утврдил дека урбанизацијата** на сега неурбанизираното подрачје на Горица Север **нема да има негативен ефект врз заштитеното подрачје Студенчишко Блато?**

22.2 **Според кои истражувања** (да се наведат конкретно), изработувачот на СОЖС **доаѓа до заклучоци** за влијанијата на предложениот УПВНМ Горица Север кои се **спротивни на *Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (2020)*?**

22.3 **Зошто проблемот со Студенчишко Блато не е третиран подетално?**

23. <u>Колку СОЖС за проекти или урбанистички планови во заштитени подрачја</u> Васил Пендевски има изработено до сега? (Да се наведат таксативно и конкретно.)
<u>За колку од нив било утврдено негативно влијание од проектите врз животната средина? (Да се наведат конкретно.)</u>

24. <u>Колку елаборати за животна средина</u> Васил Пендевски има изработено до сега? (Да се наведат таксативно и конкретно.)
<u>Во колку од нив било утврдено негативно влијание од проектите врз животната средина? </u>(Да се наведат конкретно.)